# ГАРАНЦИЈА ЗА ZEBRA РАЧНИ АЛАТИ

Почитуван купувач,

Големо е нашето задоволство што сте се одлучиле за купување на професионалниот ZEBRA рачен алат.

Со ова купување Вие станувате сопственик на професионален рачен алат со одлични перформанси за кој одобруваме гаранција, со што дополнително го потврдуваме високиот квалитет и употребната вредност на производот.
Со правилна употреба и редовно и правилно одржување долго ќе уживате во работата со ZEBRA рачниот алат, чиј квалитет секојдневно се потврдува кај илјадници професионални корисници во повеќе од 80 земји во светот.
За оштетувања и нефункционалност на алатот, кои се настанати како последица на грешки во материјалот од кој алатот е произведен или грешки настанати во процесот на производство, одобруваме замена на алатот со нов.

За жал, замена на алатот не можеме да одобриме во случаи кога оштетувањето или нефункционалноста на алатот настанале како последица од следните случувања:

- -неправилна употреба
- -ненаменска употреба
- -преправка на алатот
- -делување на виша сила
- -агресивно влијание од надворешната средина
- -губење на делови од алатот или комплетниот алат

Од ZEBRA гаранцијата, се иземени следниве рачни алати:

| Реден број | Артикал – Група на артикли | ГАРАНТЕН РОК | НАПОМЕНА |
|---|---|---|---|
| 1. | РАЧЕН АЛАТ – ZEBRA | општа гаранција 1) | 1) Условите за Zebra гаранција на производите кои се изоставени од општа гаранција наведени се во точките: 2/3/4/5/6/7/8 |
| 2. | РАЧЕН АЛАТ – ZEBRA водоинсталатерска клешта "ПАПАГАЛКА" | 1 година 2) | 2)Гаранцијата важи само доколку се користи во водоинсталатерски работи. |
| 3. | Крцкало – ZEBRA со механизам (Крцкало и клучеви со крцкало) | 1 година 3) | 3)Гаранцијата не важи ако се користи за почетно отпуштање и затегнување. |
| 4. | Рачен алат- ZEBRA продолжетоци и лостови со зглоб | Нема | |
| 5. | Избивачи и сетови избивачи - ZEBRA | Нема | |
| 6. | Длета – ZEBRA | Нема | |
| 7. | Насадни клучеви - ZEBRA | Нема | |
| 8. | Одвртувачи и насадни клучеви TX (TORX) прифат - ZEBRA | Нема | |
| 9. | Момент клучеви | 1 година | |
| 10. | Рачен алат – RED LINE | 6 месеци | |
| 11. | Рачен алат – Останато (освен ZEBRA и RED LINE алати), клешта, секачка, одвртувач, клучеви (вилушкаст, окаст, цевест), сетови со рачен алат. | 6 месеци | |
| 12. | Рачен алат – Останато (освен ZEBRA и RED LINE алати), ударни букви и бројки, алат за вадење на скршени завртки, ренде, турпии, штемајзи, пробивачи, секачи, сет за репарација, на рачни крцкала, насадни клучеви, ножици, ножици за лим, шпакли, четки , одвртувачи и насадни клучеви со TX (torx) прифат. | Нема | |

Барање за замена на ZEBRA рачен алат можете да побарате преку нашите претставници за продажба од кои сте го купиле алатот или директно во седиштето на нашата фирма.

При праќање на барањето за одобрување за замена на алатот Ве молиме со рекламираниот алат да приложите и сметка за извршеното купување, бидејќи во спротивно нема да бидеме во можност да го прифатиме вашето барање.

Во очекување на понатамошна успешна соработка, срдечно Ве поздравуваме.

Ваш Wurth Македонија